РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 14.10.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| УПП 03 | 20 | | |

ДО
АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
ЛИЧНО ЗА ДИРЕКТОРОТ

П Р Е Д М Е Т : П Р И Ј А В А

Од [redacted]

На ден 22.02.2024 г. поднесов барање до ,, СТУДИО ТЕЛЕВИЗИЈА КТВ,, кој е регионален јавен телевизиски медиум за да ми се овозможи јавен настап за да го изнесам моето мислење во врска со незаконската наплата на име превоз на огревни дрва од складиштата на подружниците на ЈП Национални шуми Скопје,меѓу кои и од складот на подружницата Шумско стопанство Бор Кавадарци,од страна на правни лица кои добиле тендер за сеча,дотур и превоз на огревни дрва.Ова барање го доставив лично и истото примено лично од управителот на телевизијата,[redacted]о никогаш не бев исконтактиран од страна на телевизијата иако во барањето го наведов и мојот моб.тел.телефон .

На ден о3.04.2024 г. со препорачана поштенска пратка и повратница го обновив барањето,но повторно не добив одговор.

Затоа сметам дека наведениот телевизиски медиум ги прекршила своите обврски, и во таа насока не постапила согласно цитираните одредби наведени во барањето.

Прилог:Барање

Во Кавадарци
04.10.2024 г.

Подносител

[redacted]

До

ПРЕДМЕТ: Б а р а њ е

Од

Барам насловната телевизија да ми овозможи кај истата јавен настап за да го изнесам моето мислење во врска со незаконската наплата на име превоз на огревни дрва од складиштата на подружниците на Национални шуми Скопје,меѓу кои и од складот на Подружница Шумско стопанство ,,Бор,, Кавадарци од страна на правните лица кои добиле тендер за сеча, дотур и превоз на огревни дрва.

Најчесто превозниците кога ќе ги донесат огревните дрва до подружницата службеното лице на подружницата на превозникот му издава превозница за превоз на дрва од подружницата до купувачите,од кои наплатуваат по 500 и повеќе од метар кубик БЕЗ ДА ИЗДАДАТ ФИСКАЛНА СМЕТКА ИЛИ БИЛО КАКОВ ПИСМЕН ДОКУМЕНТ ЗА ТАКВАТА ИСПЛАТА.

Барањето го поднесувам согласно чл.16 од Уставот на Република Северна Македонија и чл.2 од Законот за медиумите.

Во кавадарци
22.02.2024 г.

П Р Е Д М Е Т: БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ЈАВЕН МЕДИУМ

ОД

Барам насловот да ми овозможи пристап до насловниот медиум за изнесување во јавноста на проблемот со незаконската наплата на име извршен превоз на огревни дрва до граѓаните од седиштето на Подружницата Шумско Стопанство ,,Бор, Кавадарци до купувачот – граѓанинот за што превозникот не издава фискална сметка или било каков друг писмен документ за извршениот превоз-дотур на огревбните дрва до купувачот – граѓанинот.

Ова барање има поткрепа во одредбите од:

Чл.6 од Уставот на Република Северна Макеоднија и

Чл.3 од Законот за медиумите.

Доколку не постапите и по ова второ барање ќе следи претставка за одговорност до надлежните.

03.04.2024 г.

Подносител.

## ПОТВРДА ЗА ПРИЕМ НА ПРАТКА
(ПОПОЛНУВА ИСПРАЌАЧОТ)

ИСПРАЌАЧ: Манчо Манчев
Кавадарци

ПРИМАЧ: Студио Телевизија
КТВ-41 Кавадарци

03/04/2024 1430 Кавадарци
ПОШТЕНСКИ БРОЈ (ОДРЕДИШНА ПОШТА) 5503 27

R
ПРИЕМЕН БРОЈ: RC086191477MK
P
МАСА: 12 гр
ПОШТАРИНА: ***122,00

**ПОСЕБНИ УСЛУГИ** (НЕПОТРЕБНОТО ДА СЕ ПРЕЦРТА)

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДЕН. | ОТКУПНИНА | ИТНО | СО АВИОН |
| ДЕН. | ВРЕДНОСТ | СО ПОВРАТНИЦА | |

„Потврдувам дека е означена вистинската вредност на пратката"

ОБР. П-2

Потпис на испраќачот ____________________

---

ФИСКАЛНА СМЕТКА
#0009
АД ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОРЦЕ НИКОЛОВ 46 - СКОПЈЕ
ПОШТА КАВАДАРЦИ
ИЛИНДЕНСКА 20 - КАВАДАРЦИ
ДАН.БРОЈ: 4030997339674
ДДВ БРОЈ: МК4030997339674

| | |
|---|---|
| Обично писмо-ВС,12 | 1 x 122,00 |
| г.-РП | 122,00 Г |
| ПРОМЕТ ОД МАКЕДОНСКИ ПР. | 122,00 |
| ВКУПНО ДДВ А=18,00% | 0,00 |
| ВКУПНО ДДВ Б= 5,00% | 0,00 |
| ВКУПНО ДДВ В=10,00% | 0,00 |
| ВКУПНО ДДВ Г= 0,00% | 0,00 |
| ВКУПНО ДДВ | 0,00 |
| **ВКУПЕН ПРОМЕТ** | **122,00** |
| ВКУПНО ДДВ | 0,00 |
| ВКУПНО ДДВ А=18,00% | 0,00 |
| ВКУПНО ДДВ Б= 5,00% | 0,00 |
| ВКУПНО ДДВ В=10,00% | 0,00 |
| ВКУПНО ДДВ Г= 0,00% | 0,00 |
| ВО ГОТОВО | 122,00 |

0026350 ДАТУМ 03-04-2024 ЧАС 09:44:48

ДА КУПУВАМЕ МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ
ЗА НАШЕ ДОБРО
Made in Macedonia

AC415110936
AC415815615

ФИСКАЛНА СМЕТКА

0027400

---

Administration des postes d'origine
Поштенска управа на потекло

**AVIS de réception/de livraison/de paiement/d'inscription**
**Повратница/извештај за врачување/исплата/книжење**

**П-20/CN 07**

Bureau de dépôt / Приемна пошта: 1430

Date / Датум: 03042024

A.R. 1430 05.04.24 07

Service des postes
Поштенска служба

Destinataire de l'envoi / Примач на пратката: Студио Телевизија КТВ-41 Кавадарци

Prioritaire/
Par avion
Приоритетно/
Авионски

Timbre du bureau renvoyant l'avis
Жиг на поштата што ја враќа повратницата

**Nature de l'envoi / Вид пратка**

Prioritaire/ Lettre — Non prioritaire/ Imprimé

- ☐ Приоритетна/ Писмо
- ☐ Неприоритетна/ Печатена работа
- ☐ Colis Пакет
- ☐
- ☐ Recommandé Препорачана
- ☐ Livraison attestée Потврдено врачување
- ☐ Valeur declarée Означена вредност

N° de l'envoi / Бр. на пратката: RC086191477MK

Montant / Износ

- ☐ Mandat ordinaire/ Обична уплатница/ de versement уплатница
- ☐ Cheque d'assignation Уплатнички чек

Montant / Износ

**A remplir par l'expéditeur / Го пополнува испраќачот**

**Renvoyer a / Да се врати на**

Nom ou raison sociale / Физичко или правно лице: Манчо Манчев

Rue et nº / Улица и број: Елена Каранфилова 12

Localité et pays / Место и земја: Кавадарци

**A compléter á destination /Да се пополни во одредишното место**

L'envoi mentionné ci-dessus a été dûment / Горенаведената пратка е прописно

- ☐ remis врачена
- ☐ payé исплатена
- ☐ inscrit en CCP книжена во корист на поштенска тековна сметка

Date et sign... / Датум и п...

* Cet avis pourra être signé par le destinataire ou, si les règlements du pays de destination le prévoient, par une autre personne autorisée ou par l'agent du bureau de destination.
* Овој извештај може да го потпише примачот или друго овластено лице или службеникот од одредишната пошта, доколку тоа го предвидуваат прописите на одредишната земја.

Обр. П-20/CN-07

До

[redacted]

П Р Е Д М Е Т: Иницијатива за поведување на постапка за оданочување на нелегално стекнат приход

На ден 03.07.2023 г. уплатив 6 м3 дрва втора класа во Подружница [redacted] ми беа донесени на ден 03.08.2023 г [redacted] на [redacted]

Пред да ми бидат донесени дрвата :

Од страна на Вработен во Подружницата ,,Бор,, Кавадарци по моб.телефон ми се јави службеното лице [redacted] ој ми се обрати со зборовите ,Дали сакаш да ги земеш дрвата,,(чудно прашање,ме прашува дали сакам да ги земам дрвата,при ноторен факт дека дрвата наеднаш во целост се платени) на што му одговорив дека сакам бидејќи се платени.Ме праша дали сакаш да ми се донесат дрвата и дека ги носи приватен превозник и дека за цената треба да се договорам со него,при што на превозникот му го даде мобилниот телефон за да разговараме за цената прашувајќи го приватникот дека имам сознанеи дека цената е 210 ден од метар кубик,која цена ми ја потврди.

Меѓутоа кога дрвата се истоварија превозникот ми побара по 500 ден од кубик,при што побарав да ми издаде **фискална сметка**,на што ми одговори дека не издава,така што за 6 метра кубика му платив 3.000 ден.сметано по 500 ден. за 1 кубик.

Во овој случај превозникот бил ангажиран од страна на правното лице кое добило тендер за сеча,дотур и превоз на дрва од Национални шуми со тоа што превозникот со дрвата кога заминал со дрвата од местото на сеча прво се јавил во седиштето на подружницата со соодветен документа а потоа подружницата ,,Бор,,Кавадарци му издала испратница за превоз на дрвата од подружницата до мене-купувачот.Ова е пракса кај сите подружници на Национални шуми.

Појаснувам дека од страна на Национални Шуми Скопје Подружница ШС ,,Бор,,Кавадарци се дадени на тендер неколку реони на Кожуф планина за сеча на огревно дрво,при што правните лице кои го зеле тендерот вршат сеча ,дотур и превоз на дрвата до купувачите,со тоа што прво тендеристот [redacted]

односно превозникот дрвата од Кожуф планина т.е. од местото за сеча прво оди односно се евидентира од службеното лице во седиштето на Подружницата ,,Бор,, Кавадарци од каде службеното лице од оваа подружница му се јавува по телефон на купувачот дека дрвата ќе му се донесат.Кога дрвата ќе бидат донесени превозникот некогаш однапред пред истоварот или по истоварот на дрвата на купувачот му побарува 500 ден од метар кубик,кој износ доведен во теснец купувачот го плаќа.

**Ова е случај кај сите подружници на Национални Шуми.**

Видно од приложената испратница произлегува дека дрвата се пренесени од плацот на ПШС,,БОР,,меѓутоа дрвата не биле претходно и дента истоварени на плацот,туку само формално се евидентираат на плацот во ПШС,,Бор,, Кавадарци .Таква каква што е содржината на испратницата од која произлегува дека дрвата се превезуваат од плацот до потрошувачот произлегува дека дрвата треба да се донесат до потрошувачот односно до мене без дополнително плаќање на превозот.Меѓутоа не е така,бидејќи сите тендеристи и нивните превознизници кои работат на овој начин наплатуваат износ од 500 ден. за превоз од плацот до потрошувачот **а кој износ никаде не се евидентиран.**

За сеча на дрва и превоз на истите до потрошувачот се дадени на тендер повеќе реони на Кожув планина како на Плугин транс,Бохула превоз и други правни лица кои добиле тендер од страна на Национални шуми Скопје,а кои односно нивните превозници наплатуваат дополнително по 500 денари од метар кубик,кој износ не се евидентира.

Имајќи го во предвид изнесеното да се побара информација за следното:

1. Колку правни лица добиле тендер за сеча и дотур на дрва преку **Национални шуми односно нивните подружници од кои да се побара список на превозниците кои вршеле дотур на дрва до купувачите (бидејќи секое возило прво се евидентира во подружницата,од која добива изпратница за истовар на дрва до купувачот) и за извршениот превоз наплатувале од купувачите а тој износ никаде не се евидентира одноно за истиот не се издава фискална сметка.**
2. Да се побаат испратниците и целокупната документација за извршените превози на дрва од Кожува планина преку плацот до потрошувачите-купувачите,во кои документи посебно испратниците се наведени имињата на купувачите.
3. **Да се побаат изјави од сите купувачи на дрва на кои им бил извршен дотур на дрва на горенаведениот начин,за тоа колку платиле за превоз на дрва и дали им била издадена фискална сметка.**

Веднаш да се санкционира напалатата за превоз без издавање на фискална сметка и да сдс плати данок на вака стекнатиот приход.
Оваа пракса се практикува оваа година,што претставува несоодветно постапување и однесување на Национални шуми чиј основач е Владата и спротивно на уставното начело на владеење на правото.
Барам да се преземат мерки во насока за спречување на оваа практикување и санкциоинирање на оваа пракса и носителите на истата бидејќи не е регулирано на правилен начин и правилно функционирање на начинот НА достава на дрвата и исплата на превознината,поради што граѓаните кои ги платиле дрвата се доведени во незгодна ситуација да плаќаат превознина без однапред да го знаа износот на превознината.

Во случајот што не е само мојот се уплатува дрва во Подружниците ,а не е регулиран начинот на плаќање на дотурот-превозот на дрвата до потрошувачот .Вакви случаеви со дотур на дрва и превозот на истите и нивното плаќање и натаму продолжува на штета на граѓаните кои ги платиле дрвата за оваа година,а не е регулиран и евидентиран начинот на плаќање на превозот.

ДОКАЗ:Испратница бр.2976988 од 03,08,2023 г.

Исто така имав купено 7 м3 дрва прва класа преку Здружението на пензионери Кавадарци,при што за овие дрва уплатив 35.000 д. сметано по 5.000 д. за 1 м3.Дрвата ми беа донесени но превозникот не ми побара да платам за извршениот превоз бидејќи во износот од 5.000 д. е влезен и износот за превоз,што значи дека дали Здружението или правното лице што го добил тендерот од овој износ на име превоз му плаќа на превозникот.Значи во овој случај односно кога се набавуваат дрва преку Здруженијата на пензионери парите се евидентирани.

Горното во функција на владеењето на правото и правната држава и споделување со европските вредности.

ДОКАЗ:цитираната испратница

Во Кавадарци 01.12.2023 г.

Подносител